## Служби за нега на постари лица



# Можности во заедницата – Посебна културно и јазично разновидна програма (CALD-програма)

### Што е оваа програма?

Community Options – CALD specific е програма која на постарите лица со нарушено здравје, онеспособените лица и нивните негуватели им нуди управување со случаи и купување на услуги. Оваа програма има за цел да ги подобри квалитетот на животот и благосостојбата на поединците. Предност при користење на услугите им се дава на лица од разновидно културно и јазично потекло.

### Како се доставува програмата?

Програмата Community Options – CALD specific нуди флексибилни и поединечно подготвени услуги кои се доставуваат преку:

- управување со случаи
- поединечно планирање
- доставување на информации
- поддршка за негуватели.

### Кој ќе ги доставува услугите?

Квалификуван управник на случаи од службата Care Connect ќе работи со вас за да ги доставува услугите преку програмата Community Options – CALD specific. Управникот на вашиот случај ќе надгледува како се снаоѓате дома со услугите што ви се доделени и ако е потребно, ќе ви даде дополнителни упати за непрекината поддршка.

### Дали имам право да користам услуги преку програмата?

Имате право да ги користите услугите преку програмата ако:

- сте постаро лице со нарушено здравје
- сте онеспособено лице
- сте негувател на постаро лице со нарушено здравје
- сте негувател на онеспособено лице
- имате сложени потреби
- ви е потребно некој да управува со вашиот случај за да ви се подобри квалитетот на животот.

Исто така, треба да живеете во подрачјата на следните локални општини: Kogarah, Rockdale, Sutherland и Hurstville.

CareConnect

## Која е цената?

За цените можете да преговарате и да разговарате со управникот на вашиот случај. Ако не можете да платите, нема да одбијат да ви даваат услуги.

## За Care Connect

Care Connect е главен снабдувач на нега во заедницата што ги подржува постарите лица со нарушено здравје, онеспособените лица и нивните негуватели за да можат да живеат самостојно во домот и заедницата.

Care Connect има канцеларии низ целата држава и таа е непрофитна, нерелигиозна, регистрирана добротворна организација.

Care Connect нуди избор, насочување и информации со цел да ги подржува поединците да продолжат да бидат самостојни и вклучени во нивната заедница.

Пристапот на Care Connect е за соработка, вклучување и можност за користење на услуги. Ние се обврзуваме да доставуваме услуги со почит при што се ценат правата на секој поединец и неговата/нејзината мрежа за поддршка.

## Доверливост

Ние во Care Connect се обврзуваме да ги одржуваме највисоките можни стандарди за доверливост и приватност. Со ова се обезбедува со сите податоци кои ги споделувате со Care Connect да се постапува според законските и регулативните барања.

**Иницијативата 'Здрави дома' (Healthy at Home) ја финансира NSW Health и сојузната влада. Healthy at Home е партнерство меѓу Здравствената служба за подрачјата на југоисточен Сиднеј и Илавара (South Eastern Sydney Illawarra Area Health Service), Службата за брза помош на Нов Јужен Велс (NSW Ambulance) и Службата на Нов Јужен Велс за можности во заедницата (NSW Community Options).**

# Како можам да добијам повеќе информации?

За повеќе информации, ве молиме контактирајте ја канцеларијата на Redfern Care Connect:

**За подрачјето на источен Сиднеј**
Suite 2B, 199 Regent Street
PO Box 3138
Redfern NSW 2016
**Телефон:** (02) 9690 3100 **Факсимил.** (02) 9310 5722
**Електронска пошта:** info@careconnect.org.au
**Интернет страници:** careconnect.org.au

**Национална канцеларија**
Level 1, 204-206 Gipps Street, Abbotsford VIC 3067
PO Box 1388, Collingwood VIC 3066
**Телефон:** (03) 9270 9999 **Факсимил.** (03) 9415 9724
**Електронска пошта:** info@careconnect.org.au
**Интернет страници:** careconnect.org.au

Version 1, Macedonian

JAS-ANZ TQCSI ISO 9001 Quality Certified